Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-225/1
07.05.2025 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 39 од Законот за Локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 36 од Деловникот за работа на Советот ја свикувам 47-та седница на Советот на Општина Градско.

Седницата ќе се одржи на **15.05.2025 година** (четврток) со почеток во **15:00 часот**, во салата за состаноци на Општина Градско.

За седницата го предлагам следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записникот од 46-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Предлог- Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Градско за 2025 година - прв ребаланс.
3. Предлог- Одлука за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари-март 2025 година- прв квартал.
4. Предлог- Дополнување на Буџетски календар за 2025 година.
5. Предлог- Програма за активностите на општина Градско во областа на културата и културните манифестации за 2025 година.
6. Предлог- Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на културата и туризмот.
7. Предлог- Одлука за измена на одлука за формирање Локален совет за превенција.
8. Предлог- Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка.
9. Одлука за давање на трајно користење на движна ствар - ММ Мобилна машина - Утоварач.
10. Предлог- Одлука за давање на трајно користење на движна ствар - Товарно возило за специјална намена комунално.
11. Предлог- Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈКП Клепа Градско.
12. Предлог- Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ„Даме Груев“ Градско за 2026 година.
13. Предлог- Одлука за давање согласност за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2024 година
14. Предлог- Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за финансиско работење на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2024 година.
15. Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР- ШЕПА Кавадарци со состојба од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.
16. Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР - ШЕПА“ Кавадарци за 2025 година.
17. Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР - ШЕПА“ Кавадарци за 2025 година.
18. Разгледувања на барања и поднесоци.
19. Разно.

*Совет на Општина Градско*
*Претседател*
*Мирјана Ѓорѓиева*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГРАДСКО ГРАДСКО